# Euroset 5020




**Копчиња**

1 Копчиња со репертоар
2 Копче за повторно бирање (redial)
3 Копче за повикување (recall)
4 Копче за занемување (mute)
5 Копче shift
6 Копче за потивко (Quiet)
7 Копче за звучник (handsfree)
8 Копче за погласно (loud)
9 Копче за програмирање (set)
10 Копче за нагоре (up)
11 Копче за надолу (down)
12 Копче OK

**Симболи на дисплејот**

Во режим на програмирање
Притиснато копчето Shift
Подготвено за употреба
Исклучен микрофонот
Програмиран "baby call' бројот (директен повик)
(Трепка) нема довод на електрична енергија
Внесете ознака при програмирање (на пр. јачина на звукот)
Притиснато копчето за повикување (recall)
P Пауза
Нема содржина во меморијата
Телефонот е заклучен
При обид за поврзување: заклучен телефон
0 – 9 Телефонски број

При тонско бирање:

– * притиснато копче
– # притиснато копче

При дополнителни услуги од јавниот мрежен провајдер:

Нов повик во листата на повици
(Трепка) Нова порака
Повик на чекање
Моментално пренасочување на повикот
Пренасочување на повикот кога нема одговор
Пренасочување на повикот при зафатена линија
Анонимен повик

# Безбедносни мерки

При инсталирањето, поврзувањето и ракувањето со телефонот, секогаш придржувајте се на следните мерки на претпазливост:

- ♦Користете ги само приклучоците и спојните кабли со кои што сте снабдени и Ви се на располагање.
- ♦Користете го само адаптерот со кој сте снабдени.
- ♦Поврзете го спојниот кабел на приклучокот што е наменет за него.
- ♦Правилно поврзете ги сите делови.
- ♦Поставете го спојниот кабел на место каде нема да предизвика несакани последици.
- ♦Поставете го телефонот на површина која не лизга.
- ♦За ваша безбедност и заштита, телефонот не го употребувајте во бања или туш кабини (на влажни места). Телефонот не е водоотпорен.
- ♦Никогаш не го изложувајте телефонот на извори на топлина, директно на сончева светлина или пак други електрични уреди.

- Заштитете го телефонот од влага, прашина, корозивни течности и пареа.
- Никогаш не го отварајте телефонот.
- Не го влечете телефонот за каблите.
- Никогаш не го допирајте контактот со шилести или метални предмети.
- Ако го дадете телефонот на некој друг, исто така дајте го и упатството за употреба.

## Подготвување на телефонот за употреба

### Препорачана инсталација на телефонот

- Не го поставувајте телефонот на директна сончева светлина или други извори на топлина.
- Употребувајте го телефонот на температури помеѓу +5 °C и +40 °C
- Одржете растојание од најмалце еден метар помеѓу телефонот и радио опрема, на пример радио телефони, пејџери и ТВ уреди.

  Во спротивно, телефонската комуникација ќе биде ослабена.
- Не го поставувајте телефонот во прашливи простории бидејќи ќе го намалите векот на траење на телефонот.
- За да се исчисти телефонот, избришете го само со влажна или антистатичка крпа, никогаш со сува крпа (која може да предизвика електростатски полнења или празнења) или абразивни средства за чистење.
- Гумените подлошки на телефонот може да остават трагови на полираните површини од мебелот.

### Поврзување

Вметнете го краткиот крај од намотаниот кабел на слушалката во приклучокот на слушалката, а долгиот крај во приклучокот означен со на долната страна од уредот. Приклучете го телефонскиот кабел во телефонскиот приклучок на ѕидот а другиот крај од кабелот вметнете го во приклучокот означен со на долната страна од уредот. Приклучете го адаптерот во приклучокот означен со и вклучете го во главниот извор на електрична енергија (напојување). Тогаш Вашиот телефон е подготвен за употреба.



**Причини за поврзување на адаптер со главниот извор на ел. енергија**

Ако вашиот телефон е поврзан со напојувањето преку адаптер, можете да ги изберете и меморирате сите програмирања без да ја подигнете слушалката (или без да ги притиснете копчето за интерфон). Без ова напојување, програмирањата мора да се изберат и меморираат со кренатата слушалка (или по притискање на копчето за интерфон). Употребата на листата на последно биранитe броеви и Идентификацијата на повиците и избирањето на телефонски број се возможни само со поврзување на главниот извор на елекрична енергија.

### Програмирање на часовникот

Стартувајте ја функцијата. Тековното програмирано време е прикажано на дисплејот( фабрички нагодено на 00:00).

Внесете го вистинското време во часови<hh> и минути <mm> (во режим од 24 часа).

Притиснете го копчето set.

# Воспоставување на повик

## Бирање на број

Подигнете ја слушалката, бирајте го бројот.

**или..**

Бирајте број (можете да ги избришете грешно внесените цифри со и потоа да ја внесете вистинската цифра) и потоа притиснете го копчето OK.

Откако ќе ја внесете дваесеттата цифра, сите следни цифри на дисплејот ќе се поместуваат од десно кон лево. Копчето за повторно бирање може да се искористи за вметнување на паузи при бирање, почнувајќи од втората цифра.

**Изберете телефонски број од листата на повици** (ако е на располагање).

## Активирање / деактивирање на handsfree

Со овој телефон можете да воспоставите повици (handsfree режим) или да програмирате без да ја подигнете слушалката доколку адаптерот е поврзан. Најдобро растојание за зборување е 50 cm од микрофонот.

♦ **Активирање за време на разговор преку слушалката**

По притискање на копчето за handsfree спуштете ја слушалката.

♦ **Активирање пред бирање на број**

Пред да бирате број: држете го притиснато копчето за handsfree додека не го слушнете тонот за бирање.

**Деактивирање на handsfree**

Подигнете ја слушалката за време на разговорот.

**Повторно бирање на последно бираниот број**

Последните 5 бирани броја (до 32 цифри) автоматски се меморираат. Можете да ги повикате овие броеви од листата на последно бираните броеви и повторно да ги бирате.

**Повторно бирање на последно бираниот број**

Подигнете ја слушалката и притиснете го копчето за повторно бирање на последно бираниот број. Бројот веднаш се бира.

**Бирање од листата на последно бираните броеви**

Без да ја подигнете слушалката: притиснете го копчето за повторно бирање на последно бираниот број. Последниот биран број е прикажан на дисплејот. (Можете да ја напуштите листата во било кое време со притискање на .)

Користејќи го копчето за нагоре / надолу, движете се низ листата до посакуваниот број.

Притиснете го копчето OK или . По две секунди бројот се бира. Подигнете ја слушалката доколку сакате да зборувате преку неа.

## Бирање со копчињата со репертоар

Подигнете ја слушалката. (Доколку е потребно притиснете за второ ниво на копчињата со репертоар).

Притиснете го копчето со репертоар.

**или...**

Притиснете го копчето со репертоар. (Доколку е потребно притиснете за второ ниво на копчињата со репертоар).

Притиснете го копчето OK или . По две секунди бројот се бира. Подигнете ја слушалката доколку сакате да зборувате преку неа.

# Меморирање на броеви

Различни телефонски програмирања мора да се извршат со копчето за програмирање set за да тие бидат на располагање цело време. За да се откаже меморирањето, на пр. по неправилен внес, спушете ја слушалката наместо да притиснете на крај. Оригиналното (првобитното) програмирање ќе остане сочувано.

**Меморирање со функција на телефонски именик (notebook функција)**

Можете исто така да меморирате телефонски броеви за време на разговор со функцијата на телефонски именик.

## Меморирање на броеви со репертоар.

Можете да меморирате до 20 телефонски броеви (или дури и функции) на двете нивоа на копчињата со репертоар.

Притиснете го копчето set. (за второто мемориско ниво, исто така притиснете .)

Притиснете го копчето со репертоар под кое сакате да се меморира бројот со репертоар. Бројот кој веќе е мемориран се прикажува на дисплејот. Ако меморијата за тоа копче со репертоар е празно, симболот се појавува на дисплејот.

Внесете го бројот кој сакате да биде мемориран (32 цифри).

**или...**

**Меморирање од листата за повици** (ако услугата е на располагање)

... Притиснете го копчето за нагоре / надолу додека посакуваниот број не се појави на појави на дисплејот.

**или...**

**Меморирање од листата за повторно бирање**

Притиснете го копчето за повторно бирање на последно бираниот број.

... Ако е потребно притиснете го копчето за нагоре / надолу додека посакуваниот број не се појави на појави на дисплејот.

Притиснете го копчето set.

После дваесеттата цифра, сите наредно внесени цифри се поместуваат од десно кон лево на дисплејот.

**Бришење на сите броеви со репертоар**

Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето set.

# Нагодувања на телефонот

## Нагодување на јачината на sвонење

Јачината на sвонење може да се програмира на едно од четирите нивоа или може да се деактивира комплетно (фабричко програмирање: ниво 4).

♦ **Нагодување кога телефонот е во состојба на мирување:**

Стартувајте ја функцијата.

+...– Нагодете ја јачината на sвонење со копчето Quiet/Loud.

Притиснете го копчето set.

♦ **Нагодување додека телефонот sвони:**

Притиснете го копчето +...– пред да ја подигнете слушалката. Последната вредност е меморирана.

## Програмирање на фреквенцијата на sвонење

Фреквенцијата на sвонење (брзината) може да се програмира на едно од трите нивоа (фабричко програмирање: ниво 3).

Стартувајте ја функцијата.

1...3 Притиснете едно од копчињата 1..3:
1: највисока фреквенција;
3: најниска фреквенција.

Притиснете го копчето set.

## Програмирање на мелодијата на ѕвонење

Различни мелодии на ѕвонење (ringtone) може да се програмираат на телефонот (фабричко програмирање: ringtone 9).

♦ **Програмирање кога телефонот е во состојба на мирување (idle mode)**

Стартувајте ја функцијата.

0...9 Притиснете едно од копчињата 0...9.

Притиснете го копчето set.

♦ **Програмирање кога телефонот ѕвони**

0...9 Притиснете едно од копчињата 0...9.

## Програмирање на јачината на звукот на слушалката

Јачината на звукот на слушалката може да се програмира на едно од трите нивоа (фабричко програмирање: ниво 3).

Стартувајте ја функцијата.

+...– Нагодете ја јачината со копчето Quiet/Loud.

Притиснете го копчето set.

## Занемување (mute)

Можете да го деактивирате микрофонот и телефонската слушалка. Тогаш соговорникот не може да ве слушне.

За време на разговор: притиснете го копчето за занемување. Активирање: повторно притиснете го копчето.

## Нагодување на звучникот

Во handsfree режим, можете да ја нагодите јачината на звучникот на едно од седумте нивоа и да меморирате (фабричко програмирање: ниво1)

+...– Нагодете ја јачината со копчето Quiet/Loud.

**Активирање / деактивирање на мелодијата за занемување**

Можете да ја активирате / деактивирате мелодијата за занемување (фабричко програмирање: вклучено (on)).

1 #

Стартувајте ја функцијата.

0 / 1 0: деактивирано 1: активирано.

Притиснете го копчето set.

## Програмирање на број за Директен повик (Baby call)

Ако е програмиран телефонски број за функцијата “Baby call” автоматски се бира кога телефонот е заклученпо подигнувањето на слушалката (или притискање на копчето за hansfree) и притискање на било кое копче (освен , , + и – ). Телефонот не дозволува да се бираат други броеви, но дојдовните повици можат да бидат одговорени.

Стартувајте ја функцијата.

Внесете директен број за повик (макс. 32 цифри).

Притиснете го копчето set.

Кога е активирана функцијата “Baby call” ќе забележите и на дисплејот.

**Деактивирање**

0 Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето set.

**Бришење на телефонскиот број за “Baby call”**

1

Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето set.

## Активирање / деактивирање на заклучувањето на телефонот

Телефонот може комплетно да биде заклучен (со исклучок ако е програмиран телефонски број за функцијата “Baby call”) така да не ќе може да се бираат телфонски броеви, вклучувајќи го и телефонскиот број за “Baby call”. Дојдовните повици можат да бидат одговорени.

Стартувајте ја функцијата.

0 / 1 0: отклучен; 1: заклучен.

Притиснете го копчето set.

Кога телефонот е заклучен ќе го видите симболот на дисплејот.

## Активирање / деактивирање на времето на разговор

Телефонот може да го прикаже на дисплејот приближното време на разговор (до 99 min. 59 sec., фабричко програмирање: вклучено (on)).Ако времето на разговор е активирано, времето на дисплејот почнува 8 секунди по бирањето на последната цифра.

Стартувајте ја функцијата.

0: деактивирано; 1: активирано.

Притиснете го копчето set.

## Програмирање на времето на пауза

Ако е потребно, времето на пауза на копчето за пауза (паузата функционира од втората влезна позиција) може да се менува на 1, 3 или 6 секунди (фабричко програмирање: 3 секунди).

Стартувајте ја функцијата.

0: 1 sec.; 1: 3 sec., 2: 6 sec.

Притиснете го копчето set.

## Менување на режимот на бирање

Стартувајте ја функцијата.

1: Тонско бирање

2: Пулсно бирање без flash функција

Притиснете го копчето set.

**Менување на режимот на бирање за време на разговор**

Ако вашиот телефон е нагоден на пулсно бирање а сакате да употребите функции за кои е потребно тонско бирање (на пр. пристап од далечина на телефонска секретарка), можете да го промените режимот на бирање за време на повикот.

При воспоставена врска: притиснете ѕвезда.

Внесете ги цифрите за контрола од далечина / пренос на податоци.

Телефонот се ресетира на оригиналниот режим на бирање по спуштањето на слушалката.

# Функционирање во PABX

## Бришање / внесување на префикс за надворешни линии

При функционирање на телефонот во приватна PABX, можете да меморирате еден или повеќе префикси за надворешната линија. При меморирање на префикс за надворешна линија, автоматски е нагодена и паузата за бирање. Можете да меморирате до 3 префикси за надворешна линија.

Стартувајте ја функцијата. Ако ниеден префикс за надворешната линија не е програмиран, се појавува на дисплејот. Ако се меморирани неколку префикси за надворешната линија, тие се прикажани на дисплејот еден до друг; тековниот префикс кој треба да се промени трепка . Ако е потребно, употребете го копчето за да се движите низ прикажаните префикси, и да ги менувате на следниот начин:

**Да избришете** префикс:

Притиснете го копчето set.

**Да внесете** префикс:

Внесете од еден до три цифрен код.

**Внесување на дополнителен** префикс:

Притиснете го копчето за повторно бирање, внесете го следниот префикс.

Притиснете го копчето set.

## Копче за повикување (recall) (при PABX)

При надворешен повик, можете да извршите повикување или дивертирање на повикот. Наредната процедура зависи од вашата PABX. При фабричкото програмирање, функцијата на копчето за повикување е програмирана со време на прекин (flash) од 90 msek за да овозможи користење на нови функции во јавните телефонски системи. Кога телефонот ќе се поврзе на приватна

PABX, можеби ќе треба да се измени времето на прекин (на пр.600 msec). Прове-рете ги инструкциите на вашата PABX.

**Програмирање на времето на прекин (flash) на копчето за повикување (recall)**

Стартувајте ја функцијата.

0 ... 4 Внесете го посакуваниот код за времето на прекин
0: 90 ms; 1: 120 ms; 2: 270 ms;
3: 375 ms; 4: 600 ms;

Притиснете го копчето set.

## Употребување функции за дополнителни услуги на јавните телефонски системи

Ако сакате да употребувате услоги што се поврзани со копчето за повикување (recall), претходно проверете дека е програмирано вистинско време на прекин (flash) за тоа копче.

### Копче за повикување (Recall) (употребено во јавните телефонски системи)

Во јавните телефонски системи, копчето за повикување е потребно за одредени дополнителни услуги.

Пред да се употреби копчето за повикување,треба да се одреди потребното време за prekin (flash) кое кореспондира на соодветната држава;

- ♦Белгија, Холандија, Швајцарија 120 ms (пристапен код 1).
- ♦Луксембург, Франција, Португалија, Германија, Грција: 270 ms (пристапен код 2).
- ♦Другите европски земји: 90 ms (пристапен код 0)

### Употреба на идентификација на повик (CLI)

Под следниве услови, телефонските броеви на дојдовните повици се:

(а) прикажани на дисплејот (до првите 20 цифри) и

(б) Автоматски меморирани во листата на повици:

- ♦Вашиот мрежен провајдер и мрежниот провајдер на повикувачот треба да ја овозможат услугата идентификација на повик.
- ♦И Вие и повикувачот мора да сте претплатени за услугата идентификација на повик (доколку е потребно) кај соодветните мрежни провајдери.

Ако овие услови се исполнети, но повикувачот ја оневозможил идентификацијата на повик пред да го воспостави повикот, наместо телефонскиот број ќе го видите симболот ---P--- на дисплејот. Ако не е возможно да се идентификува бројот поради други (технички) причини, на дисплејот ќе се појави симболот ---0--- или ---E---. На дисплејот можат да се прикажат до 20 цифри. Подолгите телефонски броеви се прикажани со скратен крај на бројот.

### Листа на повици

Листата на повици вклучува до 50 внеса. Ако ист претплатник се јави повеќе од еднаш, не се креира нов внес. До 99 броеви што се повторуваат се прикажани на дисплејот како збирна информација.

**Делови од внесовите во листата:** Најскорешниот повик е прикажан на првата позиција (позиција број “01”). Постарите внесови се поместуваат надолу со секој нов дојдовен повик се додека не се избришат од листата.

Во листата на позиви:

- ♦Можете да се движите низ прикажаните телефонски броеви.
- ♦Дополнителни информации:

(а)дата и време, ако се пренесени од телефонскиот систем, инаку се прикажува само времето од интерниот телефонски часовник,

(б)фреквенција на дојдовниот телефонски број,

- ♦Бришење на внесови,
- ♦Меморирање на телефонски број од листата на повици на копче со репертоар,
- ♦Бирајте телефонски број директно од листата.

## Преглед на историја на повици и бирање на телефонски броеви

Ако има внесови во листата на повици кои се уште не сте ги виделе, на дисплејот трепка симболот .

Можете да ја обновите листата, да се движите низ внесовите на листата, да ги видите дополнителните информации за повиците и директно да бирате број.

Притиснете го копчето за надолу. Телефонскиот број од најскорешниот повик се појавува на дисплејот. Неговата позиција “01” е прикажана на дисплејот лево од бројот. Ако бројот содржи повеќе од 17 цифри, прво ќе се прикажат првите 17 цифри, а остатокот после една секунда. (Можете да ја напуштите листата во било кое време со притискање на .)

**Движење низ листата на повици:**

... Притиснете го копчето за нагоре / надолу.

**Гледање на дополнителните информации:**

Притиснете го копчето shift. Датата и времето се прикажани со бројот на повиците (на десно).

**Враќање во листата на повици:**

Притиснете го копчето shift повторно.

**Бирање на телефонски број:**

Притиснете го копчето OK или . После 2 секунди бројот се бира. Подигнете ја слушалката ако сакате да зборувате преку неа.

### Бришење на внесови од листата на повици

**Бришење на сите внесови во исто време**

/ Притиснете го копчето за нагоре / надолу.

Притиснете го копчето set, звезда па повторно копчето set. Листата на повици е избришана и затворена.

**Поединечно бришење на внесовите**

... Движете се до саканиот внес.

Притиснете го копчето set два пати. Внесот е избришан.

## Активирање / деактивирање на прикажувањето на повикувачки број

Можете да го програмирате телефонот така да повикувачкиот број не се прикажува на дисплејот при дојдовните повици. Ова може да биде од корист, на пример, ако не можете да ги видите последните цифри од долг телефонски број.

Можете да го деактивирате прикажувањето на 2 повикувачки броја (секој со по 5 цифри).

Стартувајте ја функцијата. Ако ниеден број не е програмиран, симболот  ќе се прикаже на дисплејот. Ако и двата повикувачки броја се во употреба, тие се прикажуваат на дисплејот еден до друг; тековниот број што треба да се менува трепка. Ако е потребно, употребете го копчето  за да се префрлите од една локација на бројот на друга и да ги менувате на следниот начин:

**Бришење** на број:

Притиснете го копчето set.

**Внесување** на број:

Внесете број од една или пет цифри.

**Внесување друг** префикс:

Притиснете го копчето за повторно бирање, внесете го следниот префикс.

Притиснете го копчето set.

## Прикажување на “Имате порака”

Различни мрежни провајдери нудат услуги за меморирање на пораки ( на пр. услугата за гласовни пораки).

Ако една или повеќе нови примени пораки се меморирани од мрежниот провајдер, може да Ве информира преку Вашиот телефон. На дисплејот, ова известување од

мрежниот провајдер се прикажува со трепкање на симболот и на телефонскиот број.
Сега можете да го бирате соодветниот телефонски број за да ја проверите меморираната порака. Ако немате повеќе нови пораки, симболот исчезнува.

## Употреба на копчињата со репертоар како “копчиња за функции”

Различни јавни телефонски услуги / функции - активирани по барање - можат да се изберат по однапред одредена комбинација на копчиња кои што можете да ги добиете од Вашиот мрежен провајдер. Можете да ги меморирате потребните комбинаци на копчињата како нормален телефонски број на копчињата со репертоар и истоветно изберете и исто така, повторно да ја деактивирате услугата.

**Забелешка:**

Доколку го активирате дисплејот на симболот и ги меморирате функциите на второто ниво на копчињата со репепртоар, Ќе може да ги користите копчињата со функции за да се поврзете на активирањето и деактивирањето на различните услуги со појавување и исчезнување на одредени симболи на дисплејот. Од тие причини, треба да запомните, кога ќе му доделувате одредена функција на некое копче со репертоар од второто ниво, дека активирањето и деактивирањето на симболите на дисплејот и е поврзано со многу специфични копчиња на второто ниво - независно кои броеви или функции се таму меморирани!

## Активирање / деактивирање на дисплејот на симболите за дополнителни услуги

Дисплеирањето на симболите може да се активира или деактивира по потреба. Фабричкото програмирање е за активираниот дисплеј.

Стартувајте ја функцијата.

0: деактивирање; 1: активирање;

Притиснете го копчето set.

**Препорачано доделување на симболите на копчињата**

Кога е активиран дисплејот на симболот а потоа притиснете едно од следниве копчиња со репертоар, тогаш соодветниот дисплеј на симболот ќе се активира/деактивира на дисплејот.

| | Доделување | | (*) |
|---|---|---|---|
| 1<br>2 | Моментално пренасочување на повикот | on<br>of | |
| 3<br>4 | Пренасочување на повикот кога нема одговор | on<br>of | |
| 5<br>6 | Пренасочување на повикот кога е зафатено | on<br>of | |
| 7<br>8 | Позив на чекање | on<br>of | |
| 9 | Анонимен повик | | |

(*)..........Дисплеиран симбол

## Доделување / менување на копчињата со функции

Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето со функција (копчето со репертоар) на кое што треба да му се додели функција. Ако е веќе доделена функција на копчето доделувањето се прикажува на дисплејот. Ако меморијата за тоа копче со функција е празно на дисплејот ќе се појави .

Внесете ја комбинацијата на копчињата за посакуваната услуга.

**Важно!**

Ако дел од комбинацијата на копчињата што треба да се меморира вклучува цифри/карактери кои мора да се менуваат (на пр. дестинација на телефонски број за пренасочување, или време за закажан состанок), копчето мора да се употреби.

За време на покасно активирање на оваа услуга, ова копче го прави

курсерот да трепка за внесување на деловите кои треба да се променат.

Притиснете го копчето set.

## Пример: пренасочување на повикот

Следи еден пример како да се користат копчињата со репепртоар како копчиња со функции. Доколку се активира дисплејот на симболите и се одбере “пренасочување на повикот”, на пример, тогаш соодветниот симбол ќе се појави кога функцијата ќе се активира и ќе исчезне кога ќе се деактивира.

Секвенцата на броевите за активирање на функцијата “моментално пренасочување” кај вашиот оератор може да се состои од три дела:

| Избрана функција | Дестинација на пренасочениот повик | Крајна функцијата |
|---|---|---|
| | тел. број или дестинација на пренасочениот повик | |

Постојат следниве опции:

- Бирајте ја целата секвенца на цифри при секое бирање.
- Меморирајте ја секвенцата на копчињата со репепртоар како целосна функција заедно со бројот на повикот кој се пренасочува кон фиксна дестинација.

**или**

самo избраната почетна и крајна функција. Ја задржувате опцијата за дефинирање на дестинацијата на пренасочување на повикот која може да е променлива.

## Меморирање на пренасочувањето на копче со функција

Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето со репертоар за дисплеирање на симболите (Погледнете “Активирање / деактивирање на дисплеирањето на симболите”). Веќе меморираниот број ќе се појави на дисплејот. Доколку меморијата на копчето со репертоар е празна, на дисплејот ќе се појави.

Активирајте ја функцијата “моментално пренасочување”.

**а) Одредите го бројот на дестинацијата за пренасочување**

Внесете го бројот на дестинацијата за пренасочување.

Притиснете го копчето “тараба” за да ја завршите функцијата.

Притиснете го копчето set.

**или...**

**б) Одредите резервна дестинација за пренасочување**

Притиснете го копчето shift. Ова ќе предизвика курсорот да трепка за да се внесе бројот на дестинацијата за пренасочување кој ќе треба да се внесе кога ќе се активира функцијата “пренасочување”.

Притиснете го копчето “тараба” за да ја завршите функцијата.

Притиснете го копчето set.

**Активирање на пренасочување со копче со функција**

Подигнете ја слушалката, а потоа притиснете го копчето shift.

Притиснете го копчето со репартоар за да се дисплеира симболот. На дисплејот ќе се појави.

**а) Одредите го бројот на дестинацијата за пренасочување**

Може да слушнете објава дека функцијата е активна.

Спуштете ја слушалката. Од овој момент натаму, сите повици што доаѓаат ќе се пренасочат на одредена дестинација за пренасочување и вашиот телефон нема да ѕвони.

**б) Одредите резервна дестинација за пренасочување**

Внесете го бројот на дестинацијата за пренасочување, притиснете го копчето за повторно

бирање за да го одредите крајот на внесениот број. Може да слушнете објава дека функцијата е активирана.

Спуштете ја слушалката. Од овој момент натаму, сите повици што доаѓаат ќе се пренасочат на одредена дестинација за пренасочување и вашиот телефон нема да sвони.

## Меморирање на функцијата “деактивирање на пренасочувањето” на копче со функција

Во предходниот пример, пренасочувањето се деактивира на операторскиот систем користејќи ја секвенцата .

Оваа секвенца на копчиња може да се меморира на посебно копче со репертоар. Доколку се активира фукцијата за дисплеирање на симболите, тогаш симболот ќе се изгуби откако ќе се активира функцијата.

Стартувајте ја функцијата.

Притиснете го копчето со репертоар за дисплеирање на симболот off. (погледнете “Активирање / деактивирање на дисплејот на симболите”).

Активирајте ја функцијата “моментално пренасочување”.

Притиснете го копчето set.

## Деактивирање на пренасочувањето со копче со функција

Подигнете ја слушалката, потоа притиснете го копчето shift.

Притиснете го копчето со репертоар за дисплеирање на симбол off. Спуштете ја слушалката.

Симболот ќе се изгуби, и може да слушнете најава дека функцијата е деактивирана.

# Додаток

## Одржување

За да се исчисти телефонот, избришете го само со влажна или антистатичка крпа, никогаш со сува крпа (која може да предизвика електростатски полнења или празнења) или абразивни средства за чистење.

## Ако вашиот телефон не функционира правилно

**Нема сигнален тон:** Јачината на тонот може да е подесена на 0.

**Подигната слушалка, нема тон на бирање:** Дали приклучниот кабел е правилно поставен во телефонот и телефонскиот приклучок?

**Се слуша тон за бирање, но неможе да се бира:** поврзувањето е OK. Дали е режимот за бирање правилно подесен?

**PABX:** Поврзувањето не успева или не е исправно кога се бира број од меморијата (на пр. повторно бирање, брзо бирање): програмирајте го префиксот на излезната линија.

**Соговорникот не може да ве чуе:** Да не сте го притиснале копчето за занемување? Притиснете го повторно копчето. Дали е приклучокот од кабелот на слушалката правилно поставен.

**Копчето recall не работи:** нагодете соодветно време за прекин (flash).

**Телефонскиот број на јавувачот и листата на повици не се дисплеираат:** Дали е поврзан адаптерот? Може ли идентификацијата на повик да се употреби.

## Вметнете празни шаблони

Празни шаблони за вметнување за копчињата со репертоар може да се најдат на интернет страницата http: // www.siemens.com/euroset

## Контакти

Ако се јават било какви проблеми при функционирањето на телефонот поврзан на комуникациски систем со аналоген мрежен пристап, Ве молиме контактирајте го мрежниот оператор или Вашиот дистрибутер.

## Авторизација

Телефонот кој го поседувате е дизајниран за употреба во Вашата земја, како што е обележано на пакувањето и на самиот телефон.

Усогласеноста на уредот со соодветните барања на R&TTE директивата е потврдена со симболот CE.

CE 0682